Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 20.12.2023

На 19.12.2023 во 22.30 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода В.И.(49) од село Биљановце, кумановско. Тој бил баран по централна потерница врз основа на судска наредба за издржување затворска казна од една година за сторено кривично дело по член 258 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор К'шајне за издржување на казната.

Полициски службеници на Секторот за внатрешни работи Тетово - Полициско одделение Галате вчера (19.12.2023) во три троговски објекти во гостиварските села Неготино и Добридол пронашле и одзеле вкупно 6964 парчиња разновидни пиротехнички средства, најмногу петарди и лишиле од слобода три лица. Во периодот од 16.50 часот до 19.10 часот си лишиле од слобода И.Д.(61) со одземени 3826 парчиња и Х.Ј.(49) со одземени 2895 парчиња, двајцата од Неготино и го привеле Г.Р.(60) од Добридол со одземени 243 парчиња. Пронајдените пиротехнички средства се фотодокументирани и по целосно документирање на случајот против трите лица ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 19.12.2023 во Штип, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Штип ги лишиле од слобода С.Ј.(25) и О.Ј.(33), двајцата турски државјани со привремен престој во Штип. При претрес во домот во кој престојуваат, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По комплетирање на случајот против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.12.2023 во 10.50 часот на Градски пазар во Велес, полициски службеници од Отсек за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Велес го лишиле од слобода И.К.(69) од Велес. При извршен преглед кај него биле пронајдени и одземени вкупно 1.115 парчиња разновидни пиротехнички средства. Тој е приведен во полициска станица, известен јавен обвинител и по документирање на настанот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.12.2023, при преглед на тезга на Градскиот пазар во Велес, полициски службеници од Отсек за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Велес кај Љ.З.(62) од Велес пронашле и одзеле 300 парчиња пиротехнички средства. Со лицето бил извршен службен разговор во Полициската станица Велес и по документирање на настанот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Вчеравечер (19.12.2023) околу 21.10 часот во тетовско Боговиње, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Б.Ј.(23) од тетовско Синичане и М.Н.(20) од тетовско Горно Палчиште. При нивен и преглед на патничко моторно возило „бмв" со тетовски регистарски ознаки, во кое се превезувале со уште едно лице, била пронајдена марихуана и масло од канабис. Двајцата се задржани во Полициската станица Тетово за целосно расчистување и документирање на случајот, по што ќе им бидат изготвени поднесоци.

На 19.12.2023 во 23.30 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.М.(22) од Тетово, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.12.2023 на стариот пат Прилеп – Битола, кај место викано „Цафериња", вработен во Дирекција за заштита и спасување подигнал чаура од минофрлачка граната 62мм од германско потекло, која датира од Прва светска војна.

На 19.12.2023 во 20.20 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", полициски службеници го лишиле од слобода Е.К.(50) од Косово, затоа што при извршена пасошка контрола било констатирано дека во службената евиденција е со мерка „апсн", по барање на Интерпол-Австрија. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода за понатамошна постапка.

Полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар, ноќеса (20.12.2023), дваесетина минути по полноќ во гостиварско Дебреше, го пронашле патничкото моторно возило „фолксваген пасат" со гостиварски регистарски ознаки, сопственост на 53-годишниот Ф.Ц. од ова село, кој пријавил дека околу 20.00 часот му било одземено, откако незаклучено го оставал на локалниот пат што ги поврзува селата Дебреше и Здуше. Возилото му е вратено на сопственикот.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (19.12.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 184 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 75 санкции, 11 мерки за возење без возачка дозвола, пет мерки за користење на мобилен телефон, две санкции за минување на затворен сигнал-црвено светло...

На 19.12.2023 во 18.53 часот во СВР Битола било пријавено дека на регионалниот пат Битола - Маково се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „сеат" со битолски регистарски ознаки, управувано од С.Н.(41) од с.Долно Аглари, општина Новаци, патничко возило „бмв" со ресенски регистарски ознаки, управувано од Ј.В.(29) од Ресен, патничко возило „рено" со битолски регистарски ознаки, управувано од Ј.О.(48) од Битола и товарно возило „даф" со полуприколка со албански национални ознаки, управувано од В.К.(38) од Република Албанија. Од здобијените повреди на местото на несреќата починал возачот С.Н.(41), а лекар од Итната медицинска помош констатирал смрт. Со тешки телесни повреди се здобиле двајца малолетни сопатници во возилото „сеат" и Д.В.(64) од Ресен, сопатничка во возилото „бмв", додека со телесни повреди се здобиле возачите Ј.О., Ј.В. и М.С.Н.(36) од с.Долно Аглари, сопатничка во возилото „сеат", констатирани во Клиничка болница Битола. Увид на местото на несреќата извршиле јавен обвинител и увидна екипа на СВР Битола.

На 19.12.2023 во 19.45 часот во СВР Битола било пријавено дека на крстосница од ул. „Васко Карангелевски" и ул.„Игњат Атанасовски" во Битола, патничко возило „назда" со струмички регистарски ознаки, управувано од И.Н.(22) од Струмица, удрило во Д.Н.(29) од Битола. Во несреќата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Битола. Увидот го извршила увидна екипа на СВР Битола.

На 19.12.2023 во 10.48 часот во Полициската станица Аеродром, И.Д.(40) од Скопје пријавил дека на кејот на реката Вардар во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 19.12.2023 во 13.20 часот во Полициската станица Центар, В.П.(51) од Скопје пријавил дека на бул.„Илинден" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 19.12.2023 во 15.00 часот во Полициската станица Драчево, М.Љ.(42) од Скопје пријавила дека на ул.„Иван Хаџи Николов" во Скопје нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 19.12.2023 во 09.15 часот на Граничен премин Табановце, полициски службеници го лишиле од слобода А.А.(23) од с.Врапчиште, гостиварско. При преглед во рент-а-кар возило „бмв" со српски национални ознаки, во кое се превезувал со уште две лица, кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 19.12.2023, при акциска контрола од страна на полициски службеници од СВР Битола и претставници од Јавната установа – Меѓуопштински центар за социјални работи Битола, во 12.00 часот на пешачка зона кај објект „ Борово" во Битола затекнале е Е.У.(26) од Битола како питачи, држејќи го нејзиното двегодишно дете во рацете завиткано во ќебе, додека нејзините 4 деца на возраст од 4, 5, 6 и 7 години, од нејзина страна биле оставени сами во нивниот дом. Од страна на полициските службеници двегодишното дете е предадено на претставниците од ЈУМЦСР Битола со цел понатамошно преземање на мерки за заштита и згрижување. По целосно документирање на случајот, против Е.У. ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.Ј.(56) од Народна Република Кина поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „уништување или оштетување на јавни инсталации" и „несовесно работење во службата", како и против А.Н.(62) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата". Двајцата, вработени во градежна фирма, со неизвршување на своите службени должности за известување на поставена подземна инсталација на автопат во изградба, предизвикале оштетување на електрични кабли сопственост на ЕВН Македонија по што, настанал прекин на снабдувањето на електрична енергија на повеќе правни и физички лица во општина Дебрца, со што предизвикале материјална штета од околу 502.000 денари.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против С.П.(59) од кичевско поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластувањe". Тој, од 2017 до 2022 година, во својство на претседател на здружение за лов и спортско рекреативен риболов ја злоупотребил службената положба и неовластено од службената трансакциска картичка наменета за гориво, нанесто во службено возило, точел гориво во приватни автомобили. Со тоа, на здружението му предизвикал материјална штета од 103.961 денари.

На 19.12.2023 од 11.00 до 15.00 часот на тетовско-гостиварското подрачје спроведена е акциска контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници, претежно автобуси и комбиња. При контролата биле откриени и санкционирани 6 технички неисправни возила (ГВ), од кои 3 имале неисправни солиарчки, 1 неисправни други уреди, 1 со неизвршен технички преглед и 1 возило не располагало со потребната опрема. Ни сите возачи -прекршители изготвени им се предвидените поднесоци со соодветни парични глоби кои зависно од констатираниот недостаток, односно прекршок се движат од 45 до 400 евра во денарска противвредност. При контролата, исто така, санкционирано е и едно возило (ГВ) без потребните документи за вршење јавен превоз, како и 16 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-8 и ГВ-8).И тие се заокружени со адекватни поднесоци.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против А.Ж.(57) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". При преглед извршен на улица „Партизанска" во Струга, полициските службеници кај него пронашле и одзеле пиштол „Екол" калибар 9 милиметри, за кој немал соодветна документација.

На 19.12.2023 во 18.45 часот во СВР Скопје, К.А.(61) од Скопје пријавил дека околу 13.00 часот на подрачјето на Бит Пазар, по претходна расправија околу случена сообраќајна незгода, бил физички нападнат од Б.Р.(34) од с.Страчинци, скопско. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.12.2023 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 15 прекршоци, од кои 13 надвор од населено место и 2 во населено место. Санкционирани биле и 21 други видови на прекршоци, од кои 3 за управување возило без возачка дозвола, 2 за некористење сигурносен појас, 4 за прекршоци сторени од пешаци и 12 за непропишано паркирање.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Б.М.(37) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". При преглед во возило, кое тој го управувал, извршен на улицата „11 Септември" во Кичево, полициските службеници пронашле и одзеде марихуана.

На 19.12.2023 во 21.30 часот во Полициската станица Центар, Б.Л.(23) од Скопје пријавил дека на ул.„Орце Николов" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 19.12.2023 во 00.35 часот во СВР Скопје, А.Т.(27) од с.Р'жаничино, скопско, пријавил дека во с.Петровец, во патничко возило во кое се превезувале заедно, бил физички нападнат од К.Ј. и Д.Т.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.12.2023 во 23.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.Д.(38) од Скопје пријавила дека на ул.„Пехчевска" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 19.12.2023 од 11.00 до 15.00 часот на тетовското подрачје, на два пункта во Тетово и на регионалниот пат Тетово-Пирок, биле откриени и санкционирани вкупно 8 возила, односно возачи кои вршеле јавен превоз без потребните документи. По документирање на случајот на сопствениците на возилата ќе им бидат изготвени поднесоци по член 284-а од Кривичниот законик.

На 19.12.2023 во 15.40 часот во Полициската станица Карпош, М.М.(21) од с.Стојаково пријавила дека на ул.„Руџер Бошковиќ" била касната од куче скитник.

На 19.12.2023 во 14.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачје на Карпош била пронајдена бебешка количка во која имало бебе и на која имало оставено телефонски контакт и медицински извештаи на мајката. По преземени мерки и активности, полициски службеници од СВР Скопје ја пронашле мајката М.С.(19) од Скопје и ја лишиле од слобода. По целосно расчистување и документирање на случајот против неа ќе следуваат соодветни пријави.

На 19.12.2023 во 14.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, В.М.(55) од Скопје пријавил дека во с.Волково, скопско, бил каснат од куче скитник.

СВР Штип поднесе кривична пријава против правно лице од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци" и сопствениците и управители на правното лице А.К.(43) од Штип и М.В.(42) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци". На 09.01.2023, правното лице и пријавените во својство на управители, спротивно на законските прописи и без знаење, согласност и дозвола на Н.З. од Кичево, ги прибирале неговите лични податоци и фотографија од неговата патна исправа, кои ги објавиле на социјалната мрежа Фејсбук.

На 19.12.2023 во 10.20 часот, З.Ј.(46) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улицата „Магистрален пат" во Кичево бил каснат од куче скитник. Истиот ден, во 18.30 часот А.А.(35) од кичевското село Шутово пријавил дека на локален пат во селото бил каснат од куче скитник.

На 19.12.2023 во 07.00 часот во Полициската станица Шуто Оризари, А.А.(49) од Скопје пријавил дека неговата малолетна керка А.С.(13) од Скопје се одалечила од домот, која и претходно повеќе пати се одалечувала кај своето мајчине С.Ј.(19) и била пронаѓана и враќана. Според пријавеното, родителите се противат на нивната врска, а против мајчето веќе има поднесено пријава. Се преземаат мерки за пронаѓање на лицето.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Т.Л.(29) од Гевгелија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". На 10.05.2023 во Кичево, пријавениот на женско лице од Кичево и овозможил да користи марихуана во возилото кое го управувал. При преглед кај нив била пронајдена дробилка со остатоци од марихуана.

На 19.12.2023 во 02.30 часот во Полициската станица Драчево, М.Ф.(29) од с.Студеничани, скопско, пријавил дека на ул.„Иван Хаџи Николов" бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Беровo поднесе кривична пријава против В.Ч.(58) од Берово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". На 06.07.2023 на социјалната мрежа Фејсбук, на објавена вест од портал, пријавениот објавил коментари со кои промовирал и поттикнал омраза и дискриминација.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет